*Светлана ДАВКОВА - ЃОРЃИЕВА*

# ОДБРАНА ПРЕД ЗАБОРАВОТ

## Васил Дрвошанов, КАЈЛАРСКИОТ ГОВОР, Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков" - Скопје, Скопје 1993, 173.

Македонската наука за јазикот е збогатена со уште еден вреден и интересен труд од обласга на дијалектологијата, со трудот "Кајларскиот говор" од д-р Васил Дрвошанов. Студијата "Кајларскиот говор" претставува дел од проектот "Македонските дијалекти во Егејска Македонија", кој се реализира во МАНУ под раководство на акад. Божидар Видоески.

Во својот труд д-р Дрвошанов дава комплетен опис на говорот на петнаесетина села во областа Кајларско во јужна Македонија-говор што го опфаќа југозападниот дел на македонската јазична територија.

Во воведот авторот дава една јасна слика на географските граници на однсниов говор, притоа укажувајќи на општествените услови и нивното влијание врз неговиот развој.

Кајларската област денес се наоѓа во државните граници на Грција, опфаќајќи ја територијата јужно од линијата Островско Езеро - Врапчинско Езеро од Сариѓолското Блато, помеѓу планините Каракамен на исток и Снежник на запад.

Економски центар на овој крај е градот Кајлари и кон него гравитираат сите села. Врските со соседните области не се многу јаки. Преку патот Лерин - Кајлари - Кожани што поминува низ средишниот дел на кајларската територија по правецот север - југ, Кајларската област повеќе е поврзана со Леринскиот крај. Овој пат секако има важна улога во ширењето на разни јазични појави.

Како резултат на грчката политика се менувала и етнографијата на овој дел. Имено со иселувањето на Македонците од нивните огништа, и со населувањето на грчко население од средна и јужна Грција, како и грчки доселеници од други земји, населението во етнички поглед не

е единствено. Има Македонци, Грци и Власи. Македонски хомогени населби се Ранци и Тремно. Македонскиот јазик кој бил употребуван дури и од страна на несловенското население станал јазик само на семејството.

Д-р Дрвошанов користејќи го современиот методолошки пристап, јазичниот материјал композиционо го изложува во четири поглавја:

ФОНЕТИКА (14-31 стр.) - каде што фонемите ни ги претставува во сите варијации, укажувајќи на условите под кои тие настанале.

Во посебен дел авторот ни го претставува акцентскиот систем на дијалектот (31-47 стр.) и неговиот однос кон системите на околните дијалекти.

МОРФОЛОГИЈА (51-84 стр.) - поглавје во кое што авторот ги обработува зборoформите како категоријално-флексивни единици и како морфолошки структури. Глаголскиот систем ни го претставува како на парадигматски така и на функционален план.

СИНТАКСА (87-98 стр.) - област каде што се зафатени проблемите на конгруенцијата и на редот на зборовите во именската и глаголската синтагма.

ЛЕКСИКА (103-107 стр.) - авторот приведува повеќе лексички разновидности, главно туѓи зборови, кои се претставени по семантички полиња.

Во краткиот заклучок, д-р Дрвошанов кајларскиот говор во однос на соседните дијалекти го дефинира како преоден говор меѓу костурско-леринската дијалектна зона и долновардарската група говори, наведувајќи и укажувајќи на повеќе црти коишто овој говор го поврзуваат со источното македонско наречје, и голем број дијалектни особености кои го сврзуваат со западното македонско наречје.

Присуството на прозни текстови и народни песни предадени во фонетска транскрипција, а снимени од претставници на кајларскиот говор, уште повеќе ги збогатуваат нашите знаења за овој најјужен и најмалку проучуван дел од македонскиот лингвистички ареал.

Со својата студија "Кајларскиот говор" д-р Дрвошанов остава зад себе трајно сведоштво за јазичната состојба на овој регион, што е особено значајно ако се земе предвид фактот дека македонската реч поради познатите политички околности во овие јужни области се наоѓа во процесот на исчезнување.